РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 29. 06. 2018
08 | 4073/1

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕДМЕТ: Барање за автентично толкување на член 68 ст.2 од Законот за Нотаријат („Службен весник на Република Македонија" број 72/2016 )

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесувам барање за давање на автентично толкување на член 68 ст.2 од Законот за Нотаријат („Службен весник на Република Македонија" број 72/2016).

Во членот 68 од Законот за Нотаријат („Службен весник на Република Македонија" број 72/2016), уредено е дека:

(1) Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа се поднесува до нотарот на чие подрачје е живеалиштето, односно престојувалиштето на должникот-физичко лице, односно седиштето на должникот-правно лице.
(2) Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог или по однос на одлуката за трошоците, приговорот против решението на нотарот со кое се отфрла предлогот како неуреден, предлогот за укинување на потврдата на правосилност и извршност, приговорот против решението на нотарот за укинување на потврдата за правосилност и извршност, приговорот против одлуката на нотарот со која се одбива предлогот за укинување на потврдата на правосилност и извршност, жалбата против решението на судот, задолжително ги составува адвокат и содржат адвокатски печат и потпис, освен доколку доверител е Република Македонија.
(3) По исклучок од ставот (2) од овој член, предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги и тоа: -за вода, смет и одржување на заеднички простории за парично побарување од веродостојна исправа до 2.000,00 денари, -за електрична или топлинска енергија за парично побарување од веродостојна исправа до 6.000,00 денари, -за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за парично побарување од веродостојна исправа до 2.000,00 денари, се поднесува непосредно до нотарот.
(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог од страна на доверител банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или осигурително друштво, не мора да биде составена од адвокат и да содржи адвокатски печат и потпис, доколку вредноста на побарувањето во веродостојната исправа е под 10.000 евра.

Имајќи го во предвид фактот дека во период од 01.01.2017 година кога започна да се применува Законот за Нотаријат („Службен весник на Република Македонија" број 72/2016), се отвори дилемата дали при доставувањето на предлози за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на

веродостојна исправа, а кои што предлози се состојат од повеќе фактури за неплатена сметка за вода сите одделно на сума помала од 2.000,оо денари, а вкупна сума на сите фактури збирно во предлогот надминува 2.000,оо денари потребен е адвокатски печат. Некои нотари беа на ставот дека предлозите за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа мора да содржат адвокатски печат доколку вредноста на сите фактури-збирно надминува над 2.000,оо денари.

Практичната примена на членот 68 ст.2 предизвикува нејасност и непрецизност. Имено некои нотари носат Решенија за нотарски платен налог без адвокатски печат за долг од поединечни фактури со помала вредност од 2.000,оо денари, а вкупната вредност на долгот е над 2.000,оо денари, а некои бараат задолжително адвокатски печат во вака опишан случај, ова од причина што некои ја толкуваат одредбата од законот дека веродостојна исправа е секоја фактура засебно, а не збир од сите фактури, а некои сметаат дека решението се издава на целата сума.

Потребата од давање на автентично толкување исто така е во смисла на тоа како треба да се толкува членот 68 ст.2 од Законот за Нотаријат („Службен весник на Република Македонија" број 72/2016), односно дали Предлогот за нотарски платен налог кој се однесува за долг од поединечни фактури со помала вредност од 2.000,оо денари, а вкупна вредност на долг збирно по сите фактури е над 2.000,оо денари, се доставува без адвокатски печат или задолжително со адвокатски печат?

Од горенаведените причини, барам Собранието на Република Македонија да се даде автентично толкување на членот 68 ст. 2 од Законот за Нотаријат („Службен весник на Република Македонија" број 72/2016) во смисла на тоа дали истиот се применува и за случаите кога имаме вкупен долг кој се состои од неколку неплатени фактури од мала вредност 300, 400, 500 денари и го надминува износот од 2.000,оо денари односно дали во ваков случај предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна ирправа мора да содржи задолжително адвокатски печат?

ПРАТЕНИК
Бетиан Китев